3-И-0740-101_01-1
АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" - Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје,п.фах 734, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19), АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Подружница Енергетика Скопје, објавува:

## *ЈАВЕН ПОВИК Бр. 19-01/2022*
## *за прибирање на понуди за набавка на природен гас*

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр. 19-01/2022 е АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Подружница Енергетика Скопје, со седиште на ул.16-та Македонска бригада бр.18, Скопје

**1.2. Предметот на набавка е :**
**- Природен гас ,** за потребите на Подружница Енергетика-Скопје.

1.3 Огласот е јавен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност и кои ги исполнуваат условите од тендерската документација.

1.4 Отварањето на понудите ќе се изврши во присуство на понудувачите.

### 2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

2.1 Количините за набавката се: **24.624.000 nm$^3$** за Подружница Енергетика-Скопје.

2.2. Не е дозволена делумна понуда.

### 3 СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1 Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2 Потекло на природен гас.

3.3 Понудата се доставува на образецот на понудата даден во тендерската документација.

### 4 ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат по барање, на следната e-mail адреса: suzana.krstevska@elem.com.mk

4.2. Контакт тел. за комерцијален дел: 02/3104804, факс 02/3104876

4.3. Контакт тел. за технички дел: 02/3104810; 02/3104817

### 5 ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

5.1 Документацијата која понудувачите ја доставуваат, е дефинирана во тендерската документација.

### 6 КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

6.1. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно критериумот најниска цена .

### 7. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

7.1 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Договорниот орган на следната адреса: АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Подружница Енергетика ул. 16-та Македонска бригада бр.18, Скопје.

7.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака “не отварај”, понуда по “ јавен повик” за

набавка на природен гас со повикување на бројот на повикот.

7.3 Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

7.4 Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден **25.01.2022 год. во 9.00 часот** во просториите на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Подружница Енергетика ул. 16-та Македонска бригада бр.18, Скопје, III кат, сала за состаноци, во присуство на овластените претставници на понудувачите.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8.1 Секој понудувач може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.

8.2 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Огласот, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Огласот, нема да се разгледуваат.

8.3 Претставниците на понудувачите треба да достават писмено овластување за учество на јавното отворање на понудите.

8.4. Јазик на огласот и постапката е Македонскиот јазик.

Комисија за јавни набавки